MAKEDONSKA RADIO TELEVIZIJA
Bul. Goce Del~ev bb 1000 Skopje,
www.mrt.com.mk

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-4585/**

# З А П И С Н И К

**Од 161.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 02.09.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов, Гајур Рамадани, Илир Рамадани,Златко Јанковски, Косана Мазнева Николиќ Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Анета Андонова-одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ, Ајтен Власаку Мехмети-директор на МРА и Стојан Трпчевски-уредник на Инфомративна програма во МТВ. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата,161.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 12:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните и предложи првата точка за записникот од 160.седница да се предфрли за наредна седница на советот.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред со измената.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување на Информација по однос на постапка за добивање фрекфенција за Четвртиот програмски сервис МРА.

2. Разгледување на Информација од Комисијата за утврдување на евентуална одговорност во МРТ.

3. Разгледување на Информации од одговорните уредници и уредници на програми во МРТ.

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување на Информација по однос на постапка за добивање фрекфенција за Четвртиот програмски сервис МРА.**

Воведен збор по оваа точка имаше Ајтен Власаку Мехмети директор на Македонското радио која ги информираше членовите на советот дека согласно законските одредби има остварено и реализирано неколку средби како директор на МРА, и дека писмено се известени сите институции кои се надлежни за решавање и реализација на законската одредба за добивање фрекфенција.

Директорката објасни дека бидејќи има недостаток на слободни фрекфенции во АЕК (Агенција за електорнски комуникации), Директорот на МРД (Македонска радиодифузија) покренал иницијатива за законски измени со цел да се овозможи дигитално радио ДАБ+.

Истиот предлог за дигитално радио ДАБ+ е доставено до Министерството за информатичко општество МИОА,и подоцна е проследено за мислење до АВМУ и АЕК,како регулаторни тела кои ги применуваат Законот за електронски медиуми и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

После сето ова ставот на АЕК (Агенција за електорнски комуникации) е дека не може да додели мултиплекс плус за МРД, додека АВМУ (Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски усулги) изразиле подготверност да учествуваат во работните групи кои би анализирале можности за законските измени.

Гајур Рамадани истакна дека единствената слободна фрекфенција која ја имаше АЕК ја даде 3-4 месеци по законската измена за 24 часовен канал на албански јазик, нас ни е целата да се реши проблемот,и во продолжение додаде дека има информации дека во МИОА имаат објавено конкурс за експерти односно формирање на работна група, но на истиот до сега не им се јавил никој,бидејќи не плаќаат доволно,ние како МРТ треба да ги продолжиме контактите со АЕК да бидеме во тек со целата таа работа и да бидеме поупорни оваа работа да се реши.

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац со прашање колкав е процентот на дигитални френквенции а колкав на аналогни фрекфенции во Македонија,зошто може да ги изгубиме сите слушатели со приемот на дигитална фрекфенција, и дали концесиите што се добиваат имаат некаков рок до кога траат,бидејќи МРТ најверојатно би требало да има некаква предност пред останатите, односно ако им истече на некој концесијата да се даде на МРА.

Ајтен Власаку Мехмети директор на Македонското радио одговори дека за четвртиот сервис ќе биде едиснтсвен што ќе оди во дигитална со ДАБ приемници и нажалост нема друга можност,додека другите ќе си останат на ФМ.По однос на концесијата Ајтен кажа дека АЕК е запознаена со тоа дека чекаме фрекфенција, но не знам за некое радио ко би било исклучено во брзо време.

**ТОЧКА 2:Разгледување на Информација од Комисијата за утврдување на евентуална одговорност во МРТ.**

Ајтен Власаку Мехмети директор на Македонското радио посочи по однос на оваа точка дека е формирана Комисијата за утврдување на евентуална одговорност во МРТ, на која за претседател е избран директорот на МТВ Захарија Вулгаракис и дополни дека добро би било директорот Захарија да се произнесе по оваа точка а не таа како член.

Ведат Мемедалија заменик претседател на Програмскиот совет запраша дали предметната музика е наменска, колку автори-вработени има во МРТ чии што музики се емитуваат на програмите, и дали има правилник во МРТ со кој би се регулирал овој дел односно кој колку може да емитува своја авторска музика на програмите на МРТ.

Ајтен Власаку Мехмети објасни дека нема таков правилник донесен во МРТ, со кој би се регулирало сето ова, а дали има некоја злоупотреба во делот на авторските права преку Македонското радио не би можела да кажам сега во овој момент, бидејќи тоа е многу комплексен материјал.

Во одделението за кординација и евиденција се регистрираат само изведувачи на листингот односно плеј листите што се доставуваат секој ден.

Ведат Мемедалија побара дали може да добиеме пристап во последните 4 месеци да видиме плеј листи за вработените во МРТ кои се и автори,колку пати е пуштена една песна и еден автор.
И исто така мора во најбрзо време да се најде некаков механизам односно да се изготви и донесе еден правилник кој би ја регулирал оваа проблематика, за да се избегнат одредени злоупотреби од ваков вид.
Снежана Клинчарова се вклучи истакна дека директорот Горан Атнасов на минатата седница на советот објасни пред сите дека Комисијата за утврдување на евентуална одговорност во МРТ не се состанала во летниот период, и дека се очекува во наредниот период конечно комисијата да заседава,јас посакав само да се проверат овие бројки што ги добив, бидејќи не е само радиото во прашање туку и телевизијата, со таа разлика што во радиото Јошко предначи пред сите со музика која се состои од кратки форми односно некои џинглови кои се променети и се емитуваат актуелно т.е. секојдневно на сите програми.
Директорката на МРА потврди дека на барањето од Јошко Бошковски, бесплатно да ги промени шпиците и џингловите за емисиите во Македонското радио е позитивно одговорено заради освежување на програмата. Потоа тој како автор на оваа музика си ја пријавил во ЗАМП од каде што добива пари ( тантиеми) во зависност од бројот на емитувањата. Директорката заклучи, дека тоа е негово право како автор на музиката и никој не можел да го спречи својата музика да ја пријави во ЗАМП.
Поради сето ова предложено беше Комисијата за утврдување на евентуална одговорност во МРТ да се произнесе на наредната седница на Програмскиот совет на МРТ.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац укажа на тоа дека МРТ многу поскапо ја фаќа да плаќа на ЗАМП за еден џингл отколку да му даде еднократен хонорар на авторот на џинглот, и треба да им се посочи на комисијата дека и оваа тема треба да биде предмет на разгледување нанивните состаноци.
Ведат Мемедалија заменик претседател на Програмскиот совет запраша дали Јошко Бошковски има музика со текст што се пее, или се само вакви џинглови, и друго кој пушта на програма пушта музика освен уредниците.
Ајтен Власаку Мехмети директор на Македонското радио одговори дека уредниците кои се автори не се вработени во каналите кај што им се пушта музиката ,туку некои дури се вработени и во телевизија.

**ТОЧКА 3:Разгледување на Информации од одговорните уредници и уредници на програми во МРТ.**
По однос наовaa точка вклучени беа уредниците Анета Андонова одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ и Стојан Трпчевски уредник на Инфомративна програма во МТВ.
Ведат Мемедалија заменик претседател на Програмскиот совет со прашање дали после нашето прифаќање на приговорот од новинарката Катерина Дејановска Топалова има повторна нејзина недисциплина и не прифаќање на нови работни задачи од нејзина страна.
Стојан Трпчевски уредник на Инфомративна програма во МТВ одговори дека имало уште едно одбивање на работна задача од нејзина страна, поконкретно на Зоран Богатинов како уредник на денот, а во врска со пожарите кои се случија во источна Македонија, и исто така не прифати да води вести кои и беа дадени по редовна процедура.
Стојан Трпчевски дополни дека и кога одби задача, и кога се повлече од вести ние заедно со главната уредничка Анета Андонова моравме да правиме прераспределба за да тече програмата, и моравме да подразмислиме за нејзино повторно ангажирање кога одби работни задачи.
Ведат Мемедалија запраша и тоа дали е забрането новинари од МРТ да даваат изјави и да работат на надворешни проекти без надоместок.
Стојан Трпчевски одговори дека што се однесува до давање изјави на телевизии има пракса ретко но сепак има, но секогаш во принцип било со барање дали да настапуваат и со мое одобрување, а што се однесува до учество на надворешни проекти само доколку има некаков меморандум за соработка, а без тоа мислам дека не може.

Снежана Клинчарова изрази жалење што овој случај се разложи вака како што е сега, и упати прашање до уредникот Трпчевски под кои услови новинарите можат да соработуваат со други надворешни медиуми печатени и електронски, и кој тоа треба да го одобри, односно поконкретно дали на Катерина Топалова некој и одобрил да соработува со приватна телевизија во Србија за конкретниот прилог, и бидејќи се спомнува во прилогот балканската мрежа на БИРН, дали уредниците знаат дека Катерина Топалова соработува со оваа организација, и под кои услови,и дали е дел од истата таа иста организација.
Стојан Трпчевски одговори дека што се однесува до оваа тема поконкретни одговори би можела да даде главната уредничка Анета Андонова.
Анета Андонова одговорен уредник на Прв програмски сервис на МРТ одговори дека согласно член 10 од Договорот за вработување, вработениот новинар не смее без согласност на МРТ за своја или туѓа сметка да врши работи кои спаѓаат во дејноста на МРТ и значат конкуренција на МРТ.
Исто така посочи Анета Андонова има одредби во член 22 од Колективниот договор на МРТ и во член 12 од Етичкиот кодекес на МРТ, со кои се реглуира оваа проблематика, и по кои одредби ние за различни случаи сме добивале барања за давање на согласност за работење сродна работа, и по кои одредби ние како јавен сервис сме реагирале кон наши вработени за нивни истапи.
Снежана Клинчарова запраша дали до Анета Андонова како уредник е стигнато вакво барање за конкретниов прилог од Катерина Топалова.
Анета Андонова до мене не е стигнато такво барање кое би го парафирале како уредници и препратиле до Директорот на МРТ на понатамошно процесуирање.
Анита Латифи ние расправаме за една банална работа цело време бидејќи таа како новинар дала нејзина изјва и таа не треба да бара одборение за тоа бидејќи не е нејзина емисија или прилог.

**ТОЧКА 4:Разно.**
По оваа точка од дневниот ред не се одржа расправа.

Седницата заврши во 14:00 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател